Д.П. бр. 12/18

**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,** во совет составен од Матилда Бабиќ, претседател на советот, Нада Прочкова, Снежана Таневска, Петар Аневски и Љубинка Башевска, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинската постапка против нотарот Е.К.Б. од К., по одржаната расправа согласно член 25 и 29 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, во присуство на нотарот, на ден 21.12.2018 год., ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1.Нотарот Е.К.Б. од К., **виновна е** за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, поради тоа што при вршењето на нотарската служба наплатените судски такси не ги уплатува во текот на работниот ден или најдоцна наредниот работен ден, туку тоа го прави по истекот на рокот предвиден во член 51 Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и imениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија како, на пример, ОДУ бр. 2/17, ОДУ бр. 52/17, ОДУ бр.351/17 и ОДУ бр. 425/17, со што постапила спротивно на наведениот Правилник, поради што се казнува со дисциплинска мерка – парична казна во висина на 1- една плата на претседател на основен суд со проширена надлежност на денот на донесувањето на одлуката.

2. Нотарот Е.К.Б. од К., **виновна е** за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот поради тоа што солемнизирала – потврдила приватна исправа Договор за дар на недвижен имот, заведен под ОДУ бр. 02/17, но при тоа не утврдила дали

имотот – предмет на Договорот за дар е во исклучива сопственост на дародавачот со што постапила спротивно на член 59, 66 и 72 од Законот за сопственост и други стварни права и членот 3 став (3) и 29 од Законот за нотаријатот, поради што се казнува дисциплинска мерка – парична казна во висина на 1 - една плата на претседател на основен суд со проширена надлежност на денот на донесувањето на одлуката.

3. Нотарот Е.К.Б. од К., **виновна е** за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, поради тоа што солемнизирала – потврдила приватна исправа – Договор за продажба на недвижен имот заведен под ОДУ бр. 351/17, на кој имот продавачот е сосопственик со повеќе лица како сосопственици, но при тоа сосопственикот својот сопственички дел не го понудил на останатите сосопственици, со што постапила спротивно на членот 33 став (1) од Законот за сопственост и други стварни права, поради што се казнува со дисциплинска мерка – парична казна во висина на 1- една плата на претседател на основен суд со проширена надлежност на денот на донесувањето на одлуката.

4.За дисциплинските повреди опфатени со точка 1) до 3) од диспозитивот на одлуката се изрекува единствена дисциплинска мерка - парична казна во висина на 2- две плати на претседател на основен суд со проширена надлежност на денот на донесување на одлуката.

## О б р а з л о ж е н и е

Во предлогот за покренување на дисциплинска постапка доставен до Дисциплинскиот совет од страна на Министерството за правда бр. 09-3732/4 од 17.07.2018 год., се укажува дека именуваниот нотар постапувајќи на начин опишан во диспозитивот на одлуката сторила дисциплинска повреда од член 140 став (1) алинеја 1) и 2) од Законот за нотаријатот, со предлог да биде изречена соодветна дисциплинска мерка.

Во текот на дисциплинската постапка именуваниот нотар во својата одбрана изнесена писмено со поднесокот од 6.08.2018 год. и усно на претресот претресот, меѓу другото, наведува дека таксите се платени и не е причинета штета од страна на нотарот поради тоа што во наведените предмети, поради празниците и неработните денови, таксата е уплатена со мало задоцнување. Во предметот ОДУ бр.2/17 брачната другарка дала дополнителна, заверена согласност, во која навела дека согласноста ја дала пред склучувањето на договорот за дар, но поради тоа што живее во странство не можела навремено да ја завери. Во однос на предметот ОДУ бр. 351/17 купувачот е сосопственик на недвижниот имот поради што на никого не му е причинета штета. Поради отсуство на штетни последици, нејзиното поранешно однесување, околностите под кои е сторена повредата, како и фактот дека досега не е дисциплинска казнувана, предложи Предлогот за поведување на дисциплинска постапка да биде отфрлен.

За доказ приложи фотокопии на предметите ОДУ бр. 2/17 и ОДУ бр. 351/17;

Во текот на дисциплинската постапка, врз основа на оцена на наводите од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, одбраната на нотарот и на изведените докази, Дисциплинскиот совет наоѓа дека :

Нотарот е виновна за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот („Сл. весник РМ“ бр. 72/16) – „непридржување кон законските одредби во однос на формата на нотарската исправа“. Ова поради тоа што при вршењето на нотарската служба наплатените судски такси не ги уплатува во текот на работниот ден или најдоцна наредниот работен ден согласно со член 51 став (2) од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на

чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија („Сл. весник РМ“ бр. 226/16) како, на пример, ОДУ бр. 2/17 од 4.01.03.2017 год. за кој уплатата е извршена на 18.01.2017 год., ОДУ бр. 52/17 од 8.02.2017 год. за кој уплатата е извршена на ден 13.02.2017 год., ОДУ бр. 351/17 од 29.06.2017 год. за кој уплатата е извршена на ден 10.07.2017 год. и ОДУ бр. 425/17 од 28.07.2017 год. за кој уплатата е изврешена на ден 7.08.2017 год., видно од доставените налози за уплата во полза на Трезорска сметка на НБРМ преку С.Б. АД Скопје.

Нотарот е виновна за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, поради тоа што солемнизирала – потврдила приватна исправа Договор за дар на недвижен имот, заведен под ОДУ бр. 02/17, во кој учесникот Т.Б.и од К. подарува недвижен имот, детално опишан во нотарската исправа, на учесникот А.Б. од К., но при тоа не утврдила дали имотот – предмет на Договорот за дар е во исклучива сопственост на дародавачот на кој начин постапила спротивно на член 59 став (1) и 72 од Законот за сопственост и други стварни права и членот и 29 став (1) од Законот за нотаријатот. Спред членот 72 од Законот за сопственост и други стварни права, во вршењето на работите кои ги надминуваат рамките на редовното управување, односно располагање со имотот, потребна е согласност на другиот брачен другар изразена во форма која се бара за соодветно правно дело. Во конкретниов случај, при составувањето на нотарската исправа ОДУ бр. 2/17, нотарот не постапувала во согласност со наведените законски одредби бидејќи во постапката не учествувала ниту дала согласност брачната другарка на дарувачот – Ќ.Б.

Нотарот е виновна за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, поради тоа што солемнизирала – потврдила приватна исправа – Договор за продажба на недвижен имот заведен под ОДУ бр. 351/17 од 29.06.2017 година, кој имот продавачот А.Ј. го продава на учесникот С.Ј., а според имотниот

лист ИЛ. бр.30341 од 5.06.2017 година КО К., сосопствениците на предметниот недвижен имот се повеќе лица и тоа продавачот, купувачот,Р.М, Р.С.,С.Ј и Ф.Ј. но при тоа продавачот својот сопственички дел не го понудил на останатите сосопственици, со што постапил спротивно на членот 33 став (1) од Законот за сопственост и други стварни права, според кој сосопственикот кој има намера да го продаде својот сосопственички дел е должен на другите сосопственици со подавка преку нотар да им го понуди за продажба својот дел и да им ја соопшти цената и условите за продажба. Во конкретниов случај, при составувањето на нотарската исправа ОДУ бр. 351/17 од 29.006.2017 година, не е постапенио во согласност со цитираната законска одредба.

При ваквото утврдување Дисциплинскиот совет ја ценеше одбраната на нотарот, при што оцени дека со изнесената одбрана, во делот на точка 1) од диспозитивот, не се оспоруваат констатациите на подносителот на Предлогот за поведување на дисицплинска постапка, по однос на задоцнувањето со уплатата на судската такса во наведените предмети, туку само се појаснуваат причините поради кои постапил на понапредутврдениот начин. Во однос на дисциплинската повреда опфатена со точка 2) од диспозитивот на одлуката изнесената одбрана е неоснована поради следниве причини : според веќе цитираниот член 72 во вршењето на работите кои ги надминуваат рамките на редовното управување, односно располагање со имотот, потребна е согласност на другиот брачен другар изразена во форма која се бара за соодветното правно дело. Меѓу другото, според член 29 став (1) од Законот за нотаријатот, нотарот е должен својата служба да ја врши согласно со Уставот и законите. Во конкретниов случај, при составувањето на нотарската исправа ОДУ бр. 2/17, нотарот не постапувала во согласност со наведените законски одредби бидејќи во постапката не учествувала ниту дала согласност брачната другарка на дарувачотЌ.Б. Дополнително дадената согласност од страна на Ќ.Б. заверена под УЗП бр. 4880/18 од 27.07.2018 година, и претходно незаверената од 28.12.2016

година, со ништо не ја менуваат утврдената состојба бидејќи заверената изјава е дадена по составувањето на нотарската исправа ОДУ бр. 2/17 од 4.01.2017 година, после повеќе од една година односно на 27.07.2018 година, а незаверената изјава не е веродостоен доказ бидејќи не се наведува во нотарската исправа ниту е прилог на истата. Во однос на точка 3) изнесената одбрана е неоснована поради следниве причини : како што е тоа веќе образложено, според член 33 став (1) од Законот за сопственост и други стварни права, сосопственикот кој има намера за го продаде својот сосопственички дел е должен на другите сосопственици со подавка преку нотар да им го понуди на продажба својот дел и да им ја соопшти цената и условите за продажба на начин утврден со став (2), (3) и (4) од наведената законска одредба, а која одредба нотарот ја немала предвид при составувањето на нотарскста исправа ОДУ бр. 351/17. Тоа што купувачот С.Ј. е сосопственик на предметниот недвижен имот со 1/12 идеален дел со ништо не се менува обврската за постапување согласно со цитираната законска одредба.

При утврдувањето на правната квалификација на сторената дисциплинска повреда, Дисциплинскиот совет се раководи со член 28 став (4) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, според кој доколку одредени прашања во врска со дисциплинска постапка не се регулирани со Законот за нотаријатот и актите на Комората, соодветно се применуваат начелата на казненото право и правилата на кривичната постапка. Тоа значи дека Дисциплинскиот совет согласно член 338 став (2) од Законот за кривичната постапка, не е врзан за правната квалификација на дисциплинската повреда дадена во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка. Имено, според наоѓањето на Дисциплинскиот совет во конкретниов случај именуваниот нотар ги има сторено дисциплинските повреди од членот 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, а не и повредите опфатени со член 140 став (1) алинеја 1) и 2) од истиот закон, како што е тоа наведено во Предлогот за поведување

на дисциплинска постапка, а за кои се изрекува дисциплинската мерка парична казна во висина 3 до 6 плати на претседател на основен суд со проширена надлежност или привремено одземање на правото на вршење на нотарската служба во траење од три до шест месеци.

При одмерувањето на дисциплинската мерка Дисциплинскиот совет ги ценеше околностите од член 7 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка кои се од влијание врз видот и висина на казната. При тоа, Дисциплинскиот совет го имаше предвид фактот дека нотарот, според евиденцијата која се води во Нотарската комора, досега не е дисциплински казнувана, дека со сторените дисциплински повреди не причинета штета на Буџетот на РМ, ако се има предвид кусиот временски период на задоцнувањето со уплатата на судската такса, дека во записникот од 30.10.2017 (точка 5) година за извршениот надзор при редовната контрола на нотарското работење на нотарот од страна на Министерството за правда е констатирано дека судската такса се уплатува навремено и дека нема доказ дека е причинета штета на учесниците во наведените нотарски исправи.

Дисциплинскиот совет очекува дека изречената дисциплинска мерка воспитно ќе влијае врз нотарот во иднина да не ги повтори вооченатите грешки во поглед на навременоста на уплатувањето на судската такса во полза на Буџетот на РМ и дека своето работење ќе го усогласи со Законот за нотаријатот, други закони и подзаконските акти врз основа на кои ја врши нотарската служба.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот на одлуката, со изрекување на единствена парична казна во висина на две плати на претседател на основен суд со проширена надлежност на денот на донесувањето на одлуката согласно член 33 став (1) точка 2) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на НКРМ.

**Претседател на советот,**
**Матилда Бабиќ**

ПРАВНА ПОУКА: против одлуката
може да се поведе управен спор
во рок од 30 дена по приемот на
истата;
ДН: Нотарот;
Архивата;